Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1602-75/4 од 2 јуни 2011 година, донесена на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, за избор на наставник во наставно-научно звање ***доцент*** за научната област ***социологија на политиката***, избрана е Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Владо Петровски, претседател;
- проф. д-р Јован Ананиев, член;
- проф. д-р Стеван Алексоски, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Lajm“ на 17. 5. 2011 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област *социологија на политиката* се пријави кандидатот д-р Страшко Стојановски.

Кандидатот ги приложи следниве документи:

- пријава;
- диплома за докторат по социолошки науки (три копии заверени на нотар);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда за познавање на англиски јазик;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- примерок од сите наведени трудови;
- примерок од докторската дисертација;
- извод од матична книга на родените;
- уверение за државјанство;
- потврда за дадена изјава во Комисијата за верификација на фактите.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Страшко Стојановски** е роден на 2 ноември 1981 година во Скопје, Р. Македонија. Дипломира во 2004 година на Филозофскиот факултет- Скопје, Институтот за историја на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија.

Магистрира во 2007 година на Филозофскиот факултет - Скопје на Институтот за социологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија со просечен успех 9,50 и одбрана на магистерската работа на тема „***Колективниот идентитет кај Македонците муслимани***“.

Докторира во мај 2011 година на Институтот за социологија, на Филозофскиот факултет - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, на тема „***Социолошките и политичко-правните аспекти на милетскиот систем во доцноосманлиската империја: со посебен осврт на работата на црковно-училишните општини во Македонија***“, која се однесува на областите: социологија на политика, социјална антропологија, социологијата на етничките групи и историската социологија.

Во 2006/2007 година Стојановски е вработен во ОУ „Јоаким Крчовски“- Крива Паланка. Во 2007 година е избран во соработничкото звање помлад асистент, а од 2010 година и како асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во областите *социологија на правото*, *политичка социологија* и *филозофија на правото*.

Професионалната ангажираност и научноистражувачкиот интерес на д-р Страшко Стојановски се насочени во рамките на интердисциплинарниот приод кој ги опфаќа социолошките, политичките, историските и правните науки. Посебно треба да се истакне интересот во насока на истражување на современите идеологии, во прв ред националната, конструкцијата на колективните идентитети и проучувањето на различните форми на социјална мобилизација (првенствено различните форми на политичка мобилизација).

***Наставно- образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Страшко Стојановски остварува широка научноистражувачка дејност во областите на социолошките, историските, политичките и правните науки, со посебен придонес во проучувањето на различните форми и нивоа на конструкција на колективните идентитети. Тој има објавено една научна монографија и повеќе научни и стручни трудови во земјава и во странство кои се однесуваат на проблематиката поврзана со нациите, национализмот, политичката мобилизација, историските перспективи на одредени аспекти на функционирањето на Македонското револуционерно движење, градењето на одржлив мир на Балканот, како и конструкцијата на колективните идентитети воопшто.

Во периодот 2007-2011 година, како соработник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, тој е вклучен во изведувањето на вежбите во рамките на наставната програма по предметите: Социологија на правото, Историја на правото, Политичка социологија, Филозофија на правото, Современа македонска и европска историја и Испитување на јавното мислење. Во периодот 2007-2009 година, д-р Страшко Стојановски е член на Наставно-научен совет при Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, а во 2008 година е избран за секретар на постдипломски студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Исто така, тој учествува на повеќе научни конференции и трибини во земјава и во странство, но и зема учество на научноистражувачки проекти од кои треба да се издвои националниот проект посветен на „Правните аспекти на мобингот“.

***Список на научни конференции на кои кандидатот земал учество***

| **Учество на конференции** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум** | **Назив на конференцијата** | **Организатор** | **Одржана во** | **Наслов на реферат** |
| 17-18 јули 2008 г. | Меѓународна научна конференција „60 години од Граѓанската војна во Грција“ | Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија | МАНУ | Етничките промени во делот на Македонија под Грција во XX век |
| 5-6 септември 2008 г. | Меѓународна научна конференција “Ethnic Reconcilia-tion in the Western Balkans: What Role for Academia?” | inter@nic network, the European Acad-emy of Bolzano/ Bozen Italy and the Centre of Compe-tence Southeast-ern Europe at the University of Graz, Austria | University of Graz, Austria | Multiethnic Coexistence in the Balkans: Conditions for Building Sustainable Peace |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13-15 октомври 2008 г. | Меѓународна научна конференција „Македонскиот идентитет низ Историјата“ | Институт за национална историја- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје | Колективниот идентитет кај Македонците муслимани |
| 15-17 октомври 2009 г. | Меѓународна научна конференција “Glocal: Inside Social Media” | New York- University in Skopje- Macedonia | New York- University in Skopje | Nationalistic competition over internet: Legal regulation and Social impact Заеднички настап со доц. д-р Јован Ананиев |
| 17-18 декември 2009 г. | Меѓународна научна конференција „60 години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција - причини и последици“ | Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија и Институт за Национална осторија- Скопје | МАНУ | Модели на оформување на идентитетот во делот на Македонија под Грција, во втората половина на XX и почетокот на XXI век |
| Април 2010 г. | Меѓународна конференција „Отворени или затворени листи“ | Национален демократски онститут - Скопје | Александар палас- Скопје | Јован Ананиев, м-р Страшко Стојановски, м-р Наташа Максимова, Лимонка Лазарова, Политичко- правни и математички прогнози во спроведувањето на парламентарни избори во Р. Македонија со отворени и затворени листи |
| Јуни 2010 г. | Society, Education, and Economy, 3- rd joint Austrian, Polish-Macedonian Sociological Seminar | „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет | „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет | Building Collective Memory: Role of National History on the Balkans |
| Септември 2010 | 5- th Annual South East European Doctoral Student Conference | Sheffield University in Thessaloniki, Greece | Sheffield University in Thessaloniki, Greece | Slav Muslim identity in the Balkan: The Case of Makedonci muslimani in Dolna Reka |
| Ноември 2010 г. | Исламска култура на Балканот | МАНУ | МАНУ | Помеѓу политичката мобилизација и османлиското наследство: Балканскиот муслимански идентитет виден преку случајот на Македонците муслимани Заеднички настап со д-р Јован Ананиев |

***Учество на меѓународни обуки, студиски престои и истражувачки проекти***

- Јануари 2008 година, учество на Curriculum development program, во рамките ан Централно-европскиот универзитет во Будимпешта, Р. Унгарија.
- Мај 2009 година, учество во рамките на програмата на Американската амбасада во Скопје, Р. Македонија за развој и менаџирање на проекти.
- Септември 2010 година престојува на курсот за кандидати за докторски студии во регионот на Југоисточна Европа, организиран во рамките на Шефилд Универзитетот во Солун, Р. Грција.
- Од октомври 2010 до февруари 2011 година кандидатот остварува студиски претстој на Универзитетот во Виена, Р. Австрија, како добитник на стипендија во рамките на Одделот за источноевропски студии при Универзитетот во Виена, Р. Австрија.
- Вклучен е во рамките на националниот проект финансиран од Владата на Р. Македонија – „Правните аспекти на мобингот", во рамките Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип.

***Список на стручни и научни трудови***

1. **Стојановски, Страшко**. 2009. Инкорпорирање на Македонците муслимани како дел од македонската нација, објавена во „Историја", бр. 1-2, год XLIV, Списание на Сојузот на историчарите на Македонија, Скопје: Институт за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

(во трудот се разработува проблематиката на обидите за инкорпорирање на групата на *Македонците муслимани* во рамките на македонската нација. Притоа авторот забележува дека проблемот на градењето на колективната самоидентификација е тесно поврзан со перцепцијата на другите изразена во форма на категоризации. Трудот го опфаќа периодот на обидите за системско интегрирање по 70-тите години на минатиот век и формирањето на Друштвото на културно-научните манифестации на Македонците муслимани, па сè до периодот на осамостојувањето на Р. Македонија, кога еден од примарните критериуми за дефинирање на другоста станува факторот на политичка мобилизација).

2. **Стојановски, Страшко**. 2009. Колективниот идентитет кај Македонците муслимани (монографија). Скопје: Алфа 94.

(Овој монографски труд претставува публикација на магистерската работа на д-р Страшко Стојановски. Трудот опфаќа: предговор, вовед, четири глави, заклучок и користена литература).

Во првата глава авторот го разработува периодот на воспоставување на националните идентитети на Балканот, како нова форма на колективно идентификување, која во голема мера се базира на идентитетскиот дискурс кој покрај идеологијата ја инкорпорира и религијата, како традиционален облик на организација. Во продолжение откако ќе ги понуди основните теоретски концепти на дефинирање на колективниот идентитет, нацијата, национализмот, етничките групи и слично, тој ја синтетизира ваквата перспектива со просторот на Долна Река. Притоа се опфатени процесот на асимилирање преку религиска конверзија и конструкцијата на колективната групна идентификација на групата денес попозната како Македонци муслимани во рамките на османлискиот контекст. Преминувањето во ислам не значело едноставна промена на верата, туку го означува формирањето на нови социјални врски, раскинување на постојните, создавање на услови за интензивна конструкција на стереотипите и предрасудите како израз на другоста.

Втората глава се однесува на периодот кога на овие простори биле промовирани други нации-држави, пред сè тука треба да се спомenat српското, бугарското и краткото албанско владеење. Додека српската и бугарската пропаганда се користат со близината на јазикот (словенски), дотолку албанските национални пропагандисти се повикувале на религиската идентичност. Сложеноста на идентитетската ситуација е дополнета со доцниот *турски национален проект* и влијанието врз муслиманското население на Балканот, вклучително и кај групата на Македонците муслимани. Притоа главниот механизам на идентитетска индоктринација е масовното образование, кое за разлика од чисто религиските почетоци, во периодот на првата половина на 20 век се секуларизира и станува носител на национализмот.

Во рамките на третата глава е опфатен периодот на создавањето и егзистирањето на македонската држава, најпрвин во рамките на југословенската федерација, а по 90-тите години на минатиот век и како самостојна држава. Анализата на националната флуктуација кај населението во Долна Река најдобро е претставена преку официјалните резултати на пописите на населението и домаќинствата. Статистичкиот показател создава слика на перманентна флуктуација на идентитетот, која се интензивира или смалува во зависност на промоцијата на политичката мобилизација на теренот, предизвикана од најразлични настани (најчесто пописи или избори, но на пример во периодот 1955-1960 год. истата е предизвикана од „доброволното" иселување на Турците од Македонија).

Во последната четврта глава, авторот ги презентира резултатите од теренското истражување кое во 2007 година го спровел во рамките на регионот на Долна Река. Притоа се користени полуструктурирани и неструктурирани интервјуа, а резултатите се презентирани во рамките на две целини. Првата се однесува на факторот на политичка мобилизација, кој се интензивира особено по плурализацијата на македонскиот политички простор. Притоа различните етнички политички фактори (Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци) го користат политичкото мобилизирање во насока на ре-дефинирање на колективниот идентитет кај Македонците муслимани. Интересна е последната тенденција на користење на политичкиот фактор во насока на создавање на посебен т.н. торбешки етнос. Втората целина ја вклучува постмодернистичката перспектива ан конструкција на колективните идентитети, која не зависи од локалните и регионалните фактори, туку од глобалните струења на светската економија. Д-р Страшко Стојановски ќе забележи дека токму емигрантските заедници на Македонците муслимани од Долна Река, кои егзистираат пред сè во рамките на италијанското општество, создаваат нови предуслови за групна идентификација. Новите генерации школувани во рамките на новите емигрантски „татковини" значително ќе ги модифицираат традиционалните национални шеми, но основното прашање кое го поставува авторот е идната улога на религијата.)

3. **Стојановски, Страшко**. 2009. Европа и Балканот: Историско наследство и конструкција на колективните идентитети. Објавена во „Евродијалог", Списание за европски прашања, бр. 11, Скопје: Студиорум, Центар за регионални истражувања и соработка.

(Трудот претставува теоретска синтеза на колективното наследство на Европа и Балканот. Во овој труд д-р Страшко Стојановски тргнува од заедничката традиција на грчко-римското и јудео-христијанското наследство, за преку дисолуцијата на христијанската екумени на православие и католицизам, како и османлиското исламско наследство на Балканот, да се повлечат примарните културни маркери меѓу Западна Европа и Балканот. Современата перспектива на последниот регион за авторот го наметнува императивот на интеграција на Балканот во рамките на евроатланските интеграции. Но во ваквиот контекст се создава гетоизација на трите проблематични аспекти базирани на етничката димензија - српското, албанското и македонското прашење, кои се обединети во рамките на „пејоративниот" регион на Западен Балкан).

**Стојановски, Страшко**. 2009. ЕТНОЛИНГВИСТИЧКАТА И РЕЛИГИСКА ОСНОВА НА ИДЕНТИТЕТОТ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ МУСЛИМАНИ: ВИДЕНИ ПРЕКУ ТЕОРИИТЕ ЗА ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ И НИВНИТЕ ГРАНИЦИ НА ФРЕДРИК БАРТ**.** „Филолошки студии", издание 2009, том први. Списание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Македонија, Пермскии гусударствени Университет- Россиа, Univerza v Ljubjani- Slovenija, Sveuciliste u Zagrebu- Hrvatska. http://philologicalstudies.org/index.php?option=com_content&task=view&id=201&Itemid=86

(Авторот преку синтеза на теоретскиот пристап на Фредерик Барт за етничките групи и нивните граници и примерот на создавање на колективната идентификација кај Македонците муслимани ги претставува двете групни одредници - религијата и јазикот. Така доколку религијата е фактор на синтеза со албанската или турската етнос, а јазикот граница, дотолку јазикот е фактор на обединување со доминантната македонска христијанска група, додека религијата е фактор на разграничување. Ваквите односи авторот ги разгледува и на макро, но и на микро ниво).

4. **Стојановски, Страшко**. 2009. Нациите и национализмот на Балканот. Во „Зборник на Правниот факултет“, година прва, број 1. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

(Во трудот се претставени теоретските гледишта за нациите и национализмот претставени во рамките на регионот на Југоисточна Европа. Авторот нуди одлична претстава подеднакво на процесот на формирањето на нациите и национализмот, но и нивната современа политичка утилизација, во рамките на современите политички процеси воопшто. Влијанието на ваквите идеолошки концепти е се чини клучниот елемент кој авторот го насочува кон создавање на регионалните европски перспективи и интеграцијата на регионот во рамките на ЕУ и НАТО).

5. **Стојановски, Страшко**. 2010. СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ОД ПОТПИШУВАЊЕТО НА МАЈСКИОТ МАНИФЕСТ ДО УБИСТВОТО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ. Во „Годишник“ на Институтот за историја и археологија, година прва, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

(Трудот претставува историска анализа на Македонското револуционерно движење од потпишувањето на Мајскиот манифест до убиството на Тодор Александров. Ова е периодот кога по неуспешните обиди за обединување на левите и десните струи во рамките на МРД настанува дефинитивен раскол, кој ќе резултира со убиството на Александров и горноџумајските настани. Авторот прави одличен сублимат на овие процеси, претставени преку анализа на конкретни документи и писма, со што дава значаен придонес во оваа сфера од науката.)

6. **Stojanovski, Strashko**, 2010. Slav Muslim identity in the Balkan: The Case of Makedonci muslimani in Dolna Reka. Paper in 5-th anuel doctoral student conference in Sheffield University in Thessaloniki, Greece.

(Авторот преку социолошка и политичка анализа на идентитетот кај групата на Македонците муслимани во регионот на Долна Река произведува генерализации кои се однесуваат на поширокиот контекст на балканскиот регион. Притоа тој успешно ги разработува секвенците на селективно читање на наративното минато и создавањето на групните граници базирано врз различните културни маркери. Ваквата состојба, според него може да се воочи подеднакво и кај примерот на босанските муслимани, но и кај групата на Помаци во Бугарија.)

7. **Стојановски, Страшко**. 2010. Колективниот идентитет кај Македонците муслимани. Во „Македонскиот идентитет низ историјата“,Скопје: ИНИ.

(Трудот претставува пресек на критериумите за дефинирање на колективниот идентитет кај Македонците муслимани- социолошки, историски и политички. Притоа авторот успева да ја изгради сликата на перманентно флуктуирачки идентитет, кој е одраз на генеричката еволуција на идентитетите воопшто, но и на радикалната трансформација на колективната идентификација предизвиката од факторите на политичко мобилизирање на населението кое е предмет на проучување.)

8. **Стојановски, Страшко**. 2010. Обединувањето на Македонското револуционерно движење под платформата на Мајскиот манифест. Во „Историја“, бр. 1-2, год XLV, списание на Сојузот на историчарите на Македонија, Скопје: Институт за историја, Филозофски факултет- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

(Статијата е интегрален синтетички труд кој ги обединува историјата и политичките науки. Притоа авторот го анализира процесот на преговори во рамките на Македонското револуционерно движење за негово обединување. Значајно е да се спомене улогата која тој ѝ ја придава на новоформираната Советска Русија во нејзиното проектирање на интересите на Балканот и во Македонија. Синтезата на сите сили во рамките на македонското движење ќе се случи под платформата на неколку органски документи, од кои најважен е Мајскиот манифест, кои заеднички се претставени и анализирани од страна на авторот.)

9. **Jovan Ananiev PhD and Strasko Stojanovski MSc**. 2010. Nationalistic competition over internet: Legal regulation and Social impact. Skopje: New York- University

(Трудот претставува одличен пример на синтетизирање на социологијата, политичките науки и правото. Во него авторите успешно ги анализираат современите општествени

аспекти на националистичкиот натпревар на интернет. Ерата на комуникациите нуди нови форми на создавање на виртуелни полиња за националистичка борба. Во оваа смисла авторите ја претставуваат правната регулатива која сочинува три нивоа – меѓународно, национално и внатрепровајдерско.)

10. **Д-р Јован Ананиев, М-р Страшко Стојановски, М-р Наташа Максимова, Лимонка Лазарова**. 2010. Политичко- правни и математички прогнози во спроведувањето на парламентарни избори во Р. Македонија со отворени и затворени листи. Скопје: Национален демократски институт.

(Во трудот авторскиот тим ја елаборира потребата и релевантноста за воведување на отворени или затворени листи при изборот на претставници во македонското собрание на парламентарни избори во Р. Македонија. Ова е одличен пример за успешен труд во кој се применува интередисциплинарен пристап кој ги вклучува политичките, правните и природно-математичките науки, со цел да се добијат објективни параметри за можноста од евентуална промена на изборниот модел во Р. Македонија.)

11. **Стојановски Страшко**. 2010. Од балкански национализам до европски супранационализам: Улогата на националната историја во градењето на колективната меморија. Во *Евродијалог*, бр. 13. Скопје: Студиорум, Центар за регионални истражувања и соработка.

(Трудот тргнува од општата претпоставка за влијанието на националната идеологија видена преку современите теоретски погледи за нациите и национализмот врз процесот на креирање ан колективните идентитети на Балканот. Авторот укажува на влијанието на селективното читање на историските факти, митовите за виктемизација, славното минато и предци во процесот на националното конституирање. Притоа новите перспективи кои ги нудат европските интеграции значително ја редефинираат традиционалната националистичка шема и го трасираат патот кон интеграција и вклопување во моделот на европскиот супранационализам.)

12. Приказ на докторската дисертација на **д-р Страшко Стојановски** со наслов: „Социолошките и политичко-правните аспекти на милетскиот систем во доцноосманлиската империја: со посебен осврт на работата на црковно- училишните општини во Македонија“

(Докторската дисертација на кандидатот д-р Страшко Стојановски опфаќа 359 страници во кои е поместен предговор, вовед, четири поглавја, заклучок и користена литература. Во прилог се поместени карти, статистички податоци и табели.

Во предговорот авторот се задржува на дел од методолошките проблеми и прашања со кои се соочил во текот на истражувањето. Воведниот дел е организиран во неколку делови, во кои е претставен проблемот на истражувањето, целите, хипотезите, методологијата и дефинирање на некои од поважните поими кои се предмет на самото истражување.

Во првата глава д-р Страшко Стојановски се задржува на два сегмента. Првиот се однесува на поставеноста на османлискиот политички и правен систем и принципот на државна организација во рамките на милет системот. Правните аспекти се однесуваат на структурната организација на правниот систем, како и влијанието на процесот на танзиматските реформи врз функционирање на истиот. Исто така, авторот се задржува на принципот на религиска организација во рамките на заедниците како нужен предуслов кој ќе послужи како база за идното национално конституирање на Балканот. Вториот дел на првата глава се однесува на теоретската елаборација на современите пристапи на проучување на нациите и национализмот. Притоа авторот се фокусира на проблемот на дефинирање на колективитетите во модерноста. Во овој дел се претставени пристапите на примордијализмот и модернизмот, но исто така се врши теоретска анализа на територијалниот и етнонационалниот модел на градењето на националните идентитети. На крајот, авторот успешно ја елаборира теоретската рамка во рамките на балканскиот контекст на идентитетско дефинирање преку претставување на системското влијание и улогата на „легитимната принуда“ на институциите на идните нации- држави.

Во втората глава се претставени основните модели на градењето на нациите и национализмите кај конкретните балкански народи. Притоа се врши компаративна анализа на примерите на градење на српскиот, грчкиот и бугарскиот идентитет. Авторот во овој

дел смело ја пласира претпоставката за територијалната основа на балканските нации, кои не се производ единствено на културните дистинктивности, туку пред сè на врската со земјата (татковината). Ова ја наметнува претпоставката дека инвенцијата на новата форма на национални идентитети и национализмот како форма на идеологија се импортирани од основниот модел кој веќе бил присутен во постреволуционерна Западна Европа. Во рамките на истото поглавје, авторот се осврнува на трансформацијата на образовниот систем, која во иднина ќе послужи како основа за национална и политичка индоктринација на населението. Примерот низ кој се следи ваквата промена се црковно-училишните општини во Македонија и влијанието на просветителството во насока на будење на културните групни карактеристики.

Третата глава се однесува на појавувањето и актуализирањето на т.н. *македонско прашање*. Имено, авторот во овој дел нуди приказ на политичките критериуми за појава на македонското прашање, влијанието на соседните образовни, воени, економски и политички пропаганди, како и појавата на македонскиот протонационализам во рамките на Македонската револуционерна организација. Она што ја прави анализата успешна е интеграцијата на социолошкиот метод на теоретска синтеза со емпиријата и произведување на генерализации кои навлегуваат во суштината на процесите на колективна идентитетска трансформација на населението. Статистичкиот показател на вклученоста на различните конфесионални припадности во рамките на образовните системи на соседните балкански пропаганди ја доловува конфузната слика на политичката мобилизација како примарен фактор на создавање на нациите. На крајот од овој дел авторот се задржува на фазите на градење на македонскиот ран национализам, кој се развива од панправославието и панславизмот во потенцијална форма на чист национализам. Притоа можат да се разликуваат три главни етапи - појавата на македонското прашање кон средината на 19 век; политичката мобилизација како основа на градење на идентитетот во рамките на протоинституциите на МРО и последната етапа поврзана со работата на К.П. Мисирков и проектирањето на македонскиот етнонационализам.

Последната четврта глава се однесува на градењето на националните идентитети кај муслиманското население на Балканот. Авторот забележува дека религискиот принцип останува клучен и во рамките на националната ера. Етапите на формирање на муслиманските идентитети се контингентни и ги вклучуваат паносманизмот, панисламизмот и чистата форма на национализмот (во случајот на турскиот идентитет тоа е пантурцизмот, додека за Албанците е карактеристичен конфесионално синтетичкиот албански национализам). Подеднакво интересен е последниот дел во кој е претставен националниот дискурс кај групите на муслиманско население на Балканот, со словенско културно и јазично потекло. Конфузијата што се создава се манифестира до денес, во некои случаи резултирајќи со создавање на нови национални колективитети, како што е примерот на босанските муслимани, но и скорешните обиди за создавање на торбешки идентитет во Македонија и помачки идентитет во Бугарија.

Во делот на заклучокот се поместени завршните согледувања на авторот д-р Страшко Стојановски. Притоа се прави проверка на поставените хипотези, нивната целисходност и степенот на поверливост.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Страшко Стојановски има поднесено комплетна документација, според Конкурсот. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и едукативната активност, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен и професионален развој и дава значаен придонес во областа на социологијата на политиката. Стекнатото искуство го квалификува да продолжи во иднина да го надградува овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатот се потврдува преку објавените научни и стручни трудови, особено во потесните подрачја на интерес во сферата на социолошките науки во кои аплицира за избор.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно- научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип **да го избере кандидатот д-р Страшко Стојановски во звање доцент на наставно- научната област** ***социологија на политиката*****.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Петровски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**
**Проф. д-р Стеван Алексоски, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Страшко Стојановски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **а) Наставно-образовна (НО) дејност** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта и практикум за вежби по предметот Социологија на правото | **2** | **2** | **4** |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | **55** | **0,2** | **11** |
| **б) Научноистражувачка (НИ) дејност** | | | |
| ***Монографија***<br>Колективниот идентитет кај Македонците муслимани | **1** | **10** | **10** |
| ***Труд со оригинални научни резултати***<br>ЕТНОЛИНГВИСТИЧКАТА И РЕЛИГИСКА ОСНОВА НА ИДЕНТИТЕТОТ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ-МУСЛИМАНИ: ВИДЕНИ ПРЕКУ ТЕОРИИТЕ ЗА ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ И НИВНИТЕ ГРАНИЦИ НА ФРЕДРИК БАРТ /<br>Инкорпорирање на Македонците муслимани како дел од македонската нација;<br>СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ОД ПОТПИШУВАЊЕТО НА МАЈСКИОТ МАНИФЕСТ ДО УБИСТВОТО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ<br>Колективниот идентитет кај Македонците муслимани | **1**<br><br>**3** | **9**<br><br>**3** | **9**<br><br>**9** |
| ***Учество на научен собир со реферат*** | **7/ 2** | **1,5/2** | **14,5** |
| ***Одбранета докторска теза*** | **1** | **8** | **8** |
| ***Одбранета магистерска теза*** | **1** | **4** | **4** |
| ***Учесник на научен проект*** | **1** | **2** | **2** |
| ***Студиски престој во странство*** | **1** | **8** | **8** |
| **в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност** | | | |
| ***Труд во стручно (научно популарно) списание***<br>Европа и Балканот: Историско наследство и конструкција на колективните идентитети<br>Обединувањето на Македонското револуционерно движење под платформата на Мајскиот манифест<br>Нациите и национализмот на Балканот<br>Nationalistic competition over internet: Legal regulation and Social impact<br>Политичко-правни и математички прогнози во спроведувањето на парламентарни избори во Р. Македонија со отворени и затворени листи<br>Од балкански национализам до европски супранационализам: Улогата на националната историја во градењето на колективната меморија<br>Slav Muslim identity in the Balkan: The Case of Makedonci muslimani in Dolna Reka. | **6/1** | **2/3** | **15** |
| ***Техничко унапредување***<br>Curriculum development program, Central European University, Buda-pest- Hungary<br>Проект-менаџмент програма - Американска амбасада во Скопје, Р. Македонија | **2** | **2** | **4** |
| ***Член на Наставно-научен совет на Правен факултет*** | **1** | **2** | **2** |
| ***ВКУПНО*** | | | **99,5** |